РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

„11 Октомври“ - Куманово

за период од 2026 до 2030 година



Јули 2026 год.

Преамбула

Врз основа на **Законот за основно образование**, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25година, односно:

Член 49

(1) Основното училиште изготвува **Развојна програма** за работа.

(2) Со **Развојната програма** се планираат целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

А врз основа на **Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште,** бр.08-3714/3 од 29.05.2024 година донесен од министерот за образование и наука, односно:

Член 1

Со овој правилник се утврдува формата и содржината на **Развојната** и Годишната програма за работа на основното училиште.

Член 2

Развојната програма за работа на основното училиште претставува документ со кој се планираат мисијата и визијата, приоритетните подрачја за развој на основното училиште, како и начинот на следење и евалуација на развојната програма за работа на основното училиште за период од четири години, со цел да се унапреди воспитно-образовната работа во училиштето.

Развојна програма на училиштето	
Училиште	ООУ „11 Октомври“
Адреса	Ул.„Тодор Велков“ 66
Телефон, е-пошта	031424235; oou11oktomvrikumanovo@gmail.com
Период на подготовка на Развојната програма на училиштето	2026-2030 god.
Број на ученици во училиштето	423
Број на подрачни училишта	2
Училишен директор	
Име и презиме	Славица Стојановиќ
Потпис	
Датум	Јули, 2026 год.
Одобрување од УО	
Име и презиме	Далибор Стојановиќ
Потпис	
Датум	Јули,2026 год.

1. ***Податоци за основното училиште***
   - *1.1. Идентификациони податоци за училиштето*
   - *1.2. Историјат на основното училиште*
   - *1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта*

2. ***Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште***

3. ***Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)***

4. ***Мисија и визија на основното училиште***

5. ***Избрани приоритети и образложение за секој од нив***

6. ***Дефинирани стратешки и развојни цели***

7. ***Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето***

8. ***Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето***

1. Податоци за основното училиште

1.1. Идентификациони податоци за училиштето

Податоци	
Име на основното училиште	ООУ „11 Октомври“
Адреса	Ул.„Тодор Велков“ 66
Телефон	031/424-235
Место, општина	Куманово, Куманово
Веб-страница	http://www.oou11oktomvrikumanovo.edu.mk/
Е-пошта	oou11oktomvrikumanovo@gmail.com
Ден на училиштето	11 Октомври
Внатрешна површина на училиштето (m2)	8.464м2-Централно училиште 334 м2 - с. Д. Којнаре 234 м2 - с. Речица
Училишен двор (m2)	1.987 м2 - Централно училиште 4.562 м2 - с. Д. Којнаре 7.625 м2 - с. Речица
Подрачни училишта во состав на основното училиште, место	2
Капацитет на училиштето (максимален број ученици)	1100
Број на ученици (моментална состојба)	423
Број на паралелки	36
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски јазик
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	нема
Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето	2
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	нема
Во основното училиште има ресурсен центар	нема
Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште	/

1.2. Историјат на училиште

Основното општинско училиште „11 Октомври“ од Куманово е лоцирано на ул. “Тодор Велков” б.б. и започнува со работа во 1964 год. Во раните почетоци на своето постоење, ЦОУ „11Октомври“ е училиште со кабинетска настава во кое има 12 паралелки и 41 вработен. Тогашниот состав на ученици е од различни националности и тоа: Македонци, Срби, Турци, Албанци, Роми и други. Во рамки на ЦОУ се вклучени и две подрачни училишта од населбата Долно Којнаре и село Речица, во кои се остварува воспитно образовна дејност за ученици од I до V одделение.

Од 1979 до 1991 год, во состав на училиштето било и подрачното училиште од населба Карпош, кое подоцна прераснало во самостојно училиште. Во текот на своето постоење, училиштето бележи постојан раст и развој со тенденција на зголемување на бројот на ученици и вработени.

Училиштето е верифицирано со акт бр09-1710/3 од 14.06.2004г..

1.3. Специфики кои го карактеризираат училиштето во однос на другите училишта

Во училиштето создаваме средина каде што децата и возрасните меѓусебно се почитуваат, соработуваат, учат да станат сигурни, продуктивни, почитувани и одговорни личности. Горди сме на сите успеси што ги постигнуваат учениците и вработените во училиштето кои се резултат на постојана едукација и залагање, вклученост во најразлични проекти на ниво на општината и Републиката, добрата соработка со родителите и семејствата на учениците, НВО, како и со релевантните институции од градот и пошироко.

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик со употреба на кирилско писмо. Истата ја следат ученици од македонска, српска и ромска националност, распоредени во 34 паралелки.

Училиштето континуирано посветува внимание на севкупниот развој на учениците преку организирање и реализирање на најразлични активности и тоа: ликовни и литературни конкурси, учество на различни општински, регионални и републички натпревари и манифестации, посети на културно историски институции, креативни и едукативни работилници, научно истражувачки проекти и сл.

2. Преглед на постоечките ресурси со кои располага основното училиште

(За секоја развојна цел во рамките на стратешката цел се означува степенот на реализација и образложение за реализираноста/нереализираноста на целта – причини и влијание врз чинителите)

Стратешка цел 1 (развојна цел)	**Развојни цели (задачи)**	**Целосно реализирана**	**Делумно реализирана**	**Нереализирана**	**Образложение**
Оспособување на наставниците за почитување на потребите и интересите на учениците за избор на воннаставни активности	1.1 *Да се идентификуваат потребите и интересите на учениците при избор на воннаставни активности*	✓			*За избор на воннаставни активности наставниците тргнуваат од сопствените афинитети на учениците (ученици самостојно бираат во кои активности ќе вклучат)*
	1.2 *Да се овозможи соодветна едукација на наставниот кадар за организирање и реализирање на воннаставните активности за учениците*	✓			*Организирана е едукација на наставен кадар од предметна настава за ОКР од страна на БРО.*
Стратешка цел 2	**Развојни цели**	**Целосно реализирана**	**Делумно реализирана**	**Нереализирана**	**Образложение**
Доедуцирање на наставниците за работа со ученици со ПОП, надарени и талентирани	2.1 *Да се едуцираат наставниците за изработка и користење на прилагодена програма за работа со учениците со ПОП, надарени и талентирани за нивна*		✓		*Реализирани се неколку обуки за наставниот кадар од страна на ОУРЦС „ИДНИНА“*

	2.2 Да се организираат и реализираат наставни часови за работа со ученици со ПОП, надарени и талентирани	✓			*За работа со ученици со ПОП реализирани се неколку наставни часови и повеќе работилници и активности.*
Стратешка цел 3	**Развојни цели**	**Целосно реализирана**	**Делумно реализирана**	**Нереализирана**	**Образложение**
Обезбедување на финансиска поддршка за набавка на дотраен и оштетен училиштен инвентар	*3.1. Да се побара помош од локалната самоуправа за набавка на дотраен и оштетен училиштен инвентар*		✓		*Во изминатиот период успешно се изврши реконструкција на двете подрачни училишта со целокупен потребен инвентар.*
	3.2.Да се иницира поголема вклученост на бизнис заедницата за соработка со училиштето		✓		
Стратешка цел 4	**Развојни цели**	**Целосно реализирана**	**Делумно реализирана**	**Нереализирана**	**Образложение**
Афирмирање на училиштето на ниво на општината и Републиката	4.1. *Да се зголеми учеството на учениците на сите натпревари, манифестации, конкурси и средби на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво*	✓			*Учениците редовно учествуваат на голем број натпревари*
	4.2. *Да се применат различни начини на наградување и промовирање на успесите и постигањата на учениците*	✓			*Во изминатите години учениците се наградуваа со дипломи, пофалници, благодарници и сл. за постигнатиот успех.*

3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)

SWOT-анализа

Предности (силни страни) на основното училиште	Слабости (слаби страни) на основното училиште
1. Задачите и активностите наставниците ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. 2. На најголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците, каде што со примена на разни методи и техники се овозможува постигнување на целите на часот. 3. Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигања на учениците според полот и етничката припадност на учениците, по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди, 4. Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува, 5. Во училиштето се реализираат различни видови воннаставни активности, се посетуваат разни институции и установи, а се реализираат и активности во кои учениците може дополнително да ги истакнат своите вештини и способности (музички, ликовни, спортски). 6. Училиштето учествува на натпревари од различни области на кои се постигнуваат одлични резултати како на регионални, на општински така и на државни натпревари за кои и учениците и менторите се наградувани. 7. Успешна соработка помеѓу стручните соработници и наставниците за квалитетно планирање и реализирање на ВОП. 8. Континуирано користење на веќе адаптираната и опремена сензорна соба за работа со ученици со ПОП 9. Библиотеката располага со доволен библиотечен фонд на книги со кој ги задоволува потребите на учениците, наставниците и стручните соработници за што уредно се води електронска евиденција	1. Недоволно дополнителни едукации на учениците и наставниците за поактивно справување со појавите на врсничко насилство и навреди. 2. Потреба од дополнителна едукација на сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес за работа со ученици со ПОП. 3. Не се користи мерен инструмент или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците 4. Движењето на учениците со телесни пречки во развојот во училиштето е делумно приспособен на нивните потреби (потреба од лифт за качување на вториот кат). 5. Недоволна вклученост на учениците во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства организирани од страна на одд. и класни раководители; 6. Училишната библиотека не располага со читална за учениците 7. Недостаток на наставни нагледни средства и помагала согласно нормативите по одредени наставни предмети, ИКТ опрема, Спортската сала има потреба од итна реконструкција како и дополнителна набавка на спортски реквизити за подобра реализација на програмата по физичко и здравствено образование и воннаставни спортски активности 8. Доизградба на посебен пристап (влез) во училиштето.

Можности (прилики) што произлегуваат од училиштето и опкружувањето	**Закани, пречки (опасности) што призлегуваат од училиштето и неговото опкружување**
1. Користење на можностите за учество во национални и меѓународни образовни проекти и програми. 2. Аплицирање за проекти за обезбедување современа ИКТ-опрема, наставни помагала и нагледни средства. 3. Обезбедување финансиска и материјална поддршка од локалната самоуправа за подобрување на условите во училиштето. 4. Соработка со институции, организации, здруженија и други партнери во реализација на превентивни, инклузивни и едукативни активности. 5. Користење на достапните обуки и програми за професионален развој на наставниците. 6. Развивање партнерства со стручни лица и институции за работа со ученици со ПОП, надарени и талентирани ученици. 7. Развивање и примена на инструменти за идентификување и следење на надареноста и талентираноста кај учениците. 8. Поголемо вклучување на родителите во превентивни, едукативни и други активности на училиштето. 9. Соработка со локални спортски, културни и други организации за збогатување на воннаставните активности. 10. Користење на дигитални платформи и современи образовни ресурси за подобрување на наставниот процес. 11. Можност за реконструкција и доизградба на училишните објекти и придружната инфраструктура преку проекти и поддршка од локалната самоуправа и други партнери.	1. Ограничени финансиски средства за континуирано подобрување на материјално-техничките и инфраструктурните услови. 2. Зголемени ризици од појава на врсничко насилство, навреди и други форми на несоодветно однесување меѓу учениците. 3. Изложеност на учениците на влијанија поврзани со пушење, алкохол, наркотични средства и други ризични однесувања. 4. Брзото застарување на ИКТ-опремата и потребата од континуирано вложување во современа технологија. 5. Недоволна достапност на специјализирани стручни кадри и услуги за поддршка на учениците со различни образовни потреби. 6. Можни доцнења во реализацијата на инфраструктурни проекти поради административни, финансиски или технички причини. 7. Зголемени потреби за индивидуализирана поддршка на учениците, што бара дополнителни ресурси и ангажман. 8. Недоволна заинтересираност или вклученост на дел од родителите во превентивните и едукативните активности. 9. Промени во образовните политики, наставните програми и нормативите кои можат да бараат дополнително прилагодување на работата на училиштето. 10. Недоволно финансиски средства за целосна реконструкција на спортската сала, изградба на пристапот и подобрување на пристапноста на училиштето.

4. Мисија и визија на основното училиште

Мисијата на училиштето

НАШЕТО УЧИЛИШТЕ НУДИ КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ, СО ЦЕЛ ДА СЕ РАЗВИЈАТ ИНДИВИДУАЛНИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ И ДАВА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА СИТЕ ЗА УСПЕШНА ИНТЕГРАЦИЈА ВО СОВРЕМЕНОТО ОПШТЕСТВО.

Визијата на училиштето

ГРАДИМЕ СЛИКА НА УЧИЛИШТЕ КОЕ ЌЕ ГО УНАПРЕДУВА НАСТАВНИОТ ПОРОЦЕС ЗАРАДИ ПОДОБРИ ОБРАЗОВНИ ЕФЕКТИ И ПРИМЕНЛИВИ, ФУНКЦИОНАЛНИ ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И УМЕЕЊА НА УЧЕНИЦИТЕ.

5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

Приоритет	Образложение
Потреба од дополнителни работилници и едукации на учениците и наставниците за поактивно справување со појавите на врсничко насилство и навреди, штетни влијанија на пишењето, алкохолот и наркотични средства, како и поголема а информираност на родителите за превземаните активности.	Самоевалуацијата укажа на потребата од континуирано унапредување на превентивните активности насочени кон создавање безбедна, поттикнувачка и здрава училишна средина. Потребно е организирање на дополнителни работилници, обуки и советувања за учениците, наставниците и родителите, со цел јакнење на знаењата и вештините за препознавање, превенција и справување со врсничкото насилство, како и за подигање на свеста за штетните последици од употребата на цигари, алкохол и наркотични средства. Активното вклучување на родителите ќе придонесе за поголема соработка помеѓу семејството и училиштето и за поефикасна реализација на воспитно-образовните и превентивните активности.
Потреба од дополнителна едукација на наставниците за работа со ученици со ПОП, надарени и талентирани ученици.	Современото образование бара наставниците континуирано да ги унапредуваат своите професионални компетенции за работа со ученици со различни образовни потреби. Потребно е организирање обуки и стручни усовршувања кои ќе овозможат примена на современи методи и индивидуализирани пристапи во наставата за ученици со посебни образовни потреби, како и за препознавање, поттикнување и развој на потенцијалите кај надарените и талентираните ученици. Со тоа ќе се обезбеди поквалитетна и поинклузивна настава.
Организирање на поголем број ученици кои имаат потреба од додатна и дополнителна настава.	Резултатите од самоевалуацијата покажуваат потреба од проширување на можностите за индивидуална поддршка на учениците. Со организирање поголем број часови за додатна и дополнителна настава ќе се овозможи подобрување на постигањата кај учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставните содржини, како и дополнително развивање на знаењата и способностите кај учениците кои покажуваат повисоки постигања и интерес за одделни наставни подрачја
Реализирање на поголем број активности од МИМО и поголема информираност на родителите во врска со истите.	Училиштето има потреба од поинтензивна реализација на активностите предвидени во програмата МИМО, како и од поголема

	информираност и вклученост на родителите во нивната реализација. Со редовно организирање работилници, презентации, јавни настани и други активности ќе се зајакне партнерството помеѓу училиштето и семејството, ќе се подобри транспарентноста во работењето и ќе се поттикне активно учество на родителите во воспитно-образовниот процес.
Снабдување на ИКТ помагала во училница (лаптоп, паметна табла, печатач...), нагледни средства и помагала за поефикасна реализација на часовите.	За успешна реализација на современата настава неопходно е континуирано подобрување на материјално-техничките услови. Обезбедувањето нова ИКТ-опрема, нагледни средства и современи наставни помагала ќе овозможи примена на интерактивни методи на работа, ќе ја зголеми мотивацијата кај учениците, ќе придонесе за подобра визуелизација на наставните содржини и ќе го подобри квалитетот и ефикасноста на воспитно-образовниот процес.
Вклучување на училиштето во проекти и финансиска поддршка од локалната самоуправа за унапредување на условите за работа на училиштето (реконструкција на спортска сала, доизградба на посебен пристап, ограда и потпорен ѕид за влез училиштето,	Постојаното подобрување на инфраструктурните услови претставува важен предуслов за квалитетно и безбедно функционирање на училиштето. Потребно е училиштето активно да аплицира во национални и меѓународни проекти и да ја зајакне соработката со локалната самоуправа и други институции со цел обезбедување финансиски средства за реконструкција на спортската сала, доизградба на посебен пристап, изградба на ограда и потпорен ѕид, како и за други инфраструктурни подобрувања. Со реализацијата на овие активности ќе се создадат побезбедни, поквалитетни и пофункционални услови за работа и учење, во согласност со современите образовни стандарди.

6. Дефинирани стратешки и развојни цели

Од приоритети кон стратешки цели

Приоритет/и	**Стратешка цел**
Потреба од дополнителни работилници и едукации на учениците и наставниците за поактивно справување со појавите на врсничко насилство и навреди, штетни влијанија на пишењето, алкохолот и наркотични средства, како и поголема а информираност на родителите за превземаните активности. Реализирање на поголем број активности од МИМО и поголема информираност на родителите во врска со истите.	Создавање безбедна и стимулативна училишна средина преку реализација на превентивни програми, активности од МИМО и почеста соработката со родителите со цел за нивна поголема информираност за спроведените активности.
Потреба од дополнителна едукација на наставниците за работа со ученици со ПОП, надарени и талентирани ученици. Организирање на поголем број ученици кои имаат потреба од додатна и дополнителна настава.	Подобрување на квалитетот на наставата преку континуирано професионално усовршување на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби, надарени и талентирани ученици, како и преку унапредување на додатната и дополнителната настава согласно индивидуалните потреби на учениците.
Снабдување на ИКТ помагала во училница (лаптоп, паметна табла, печатач...), нагледни средства и помагала за поефикасна реализација на часовите. Вклучување на училиштето во проекти и финансиска поддршка од локалната самоуправа за унапредување на условите за работа на училиштето (реконструкција на спортска сала, доизградба на посебен пристап, ограда и потпорен ѕид за влез училиштето,	Обезбедување современи, безбедни и функционални услови за реализација на квалитетен воспитно-образовен процес преку опремување на училиштето со современи ИКТ и наставни помагала, како и преку унапредување на училишната инфраструктура со поддршка од проекти и локалната самоуправа.

Од стратешки цели кон развојни цели (за секоја стратешка цел се дефинираат 2-3 развојни цели)

Стратешка цел 1	**Развојни цели**
Создавање безбедна и стимулативна училишна средина преку реализација на превентивни програми, активности од МИМО и почеста соработката со родителите со цел за нивна поголема информираност за спроведените активности.	1.1Унапредување на превентивните активности за спречување на врсничкото насилство, дискриминацијата и ризичните однесувања преку организирање работилници, едукации и кампањи за учениците и наставниците како и редовна информираност на родителите за спроведените активности.
	1.2Подобрување на квалитетот и обемот на активностите од програмата МИМО преку нивна континуирана реализација, активно учество на учениците и промовирање на позитивни вредности, здрави животни стилови и меѓусебна почит, како и редовна информираност на родителите за реализација на истите.
Стратешка цел 2	**Развојни цели**
Подобрување на квалитетот на наставата преку континуирано професионално усовршување на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби, надарени и талентирани ученици, како и преку унапредување на додатната и дополнителната настава согласно индивидуалните потреби на учениците.	2.1 Јакнење на професионалните компетенции на наставниците за примена на инклузивни и диференцирани наставни пристапи во работата со ученици со посебни образовни потреби, како и со надарени и талентирани ученици.
	2.2 Унапредување на организацијата и квалитетот на додатната и дополнителната настава преку планирање и реализација на активности што ќе овозможат индивидуализирана поддршка и развој на потенцијалите на сите ученици, согласно нивните образовни потреби и способности.
Стратешка цел 3	**Развојни цели**
Обезбедување современи, безбедни и функционални услови за реализација на квалитетен воспитно-образовен процес преку опремување на училиштето со современи ИКТ и наставни помагала, како и преку унапредување на училишната инфраструктура со поддршка од проекти и локалната самоуправа.	3.1 Модернизација на наставниот процес преку континуирано опремување на училиштето со современа ИКТ-опрема, наставни помагала и нагледни средства, со цел подобрување на квалитетот и ефикасноста на наставата.
	3.2 Унапредување на материјално-техничките и инфраструктурните услови во училиштето преку реализација на развојни проекти, обезбедување финансиска поддршка од локалната самоуправа и други партнери, како и реконструкција и доизградба на училишните објекти и придружната инфраструктура

7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето

Стратешка цел 1. Создавање безбедна и стимулативна училишна средина преку реализација на превентивни програми, активности од МИМО и почеста соработката со родителите со цел за нивна поголема информираност за спроведените активности.						
Развојна цел 1.1 Унапредување на превентивните активности за спречување на врсничкото насилство, дискриминацијата и ризичните однесувања преку организирање работилници, едукации и кампањи за учениците и наставниците како и редовна информираност на родителите за спроведените активности.						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Изработка на годишен план за превентивни активности.	Изготвен и усвоен годишен план.	Директор, психолог, Тим за безбедност	Ноември 2026	Годишна програма, човечки ресурси	Директор, Училишен развоен тим	Годишна програма, оперативен план
Организирање работилници за учениците на тема превенција од врсничко насилство, дискриминација, сајбер насилство и ризични однесувања.	Реализирани неколку работилници годишно со ученици од VI - IX; висок процент на вклучени ученици.	Одделенски раководители, психолог, наставници	2026-2030г.	ИКТ-опрема, презентации, едукативни материјали	Тим за превенција	Извештаи, фотографии, листи на присутни
Организирање едукации за наставниците за препознавање и справување со врсничко насилство и ризични однесувања.	Реализирани обуки; зголемени компетенции на наставниците.	Директор, психолог, надворешни обучувачи	Во тек на учебна 2026-2027г.	Средства за обука, презентации	Директор, психолог	Сертификати, агенди, евалуациски листови

Организирање работилници и предавања за родителите за превенција од насилство, пушење, алкохол и наркотични средства.	Реализирани најмалку 2 средби годишно со родители на ученици од VI - IX ; зголемено учество на родителите.	Одделенски раководители, психолог	Во текот на учебната година 2026-2030г.	Презентации, информативни брошури	Совет на родители, директор	Записници, листи на присутни, анкети
Реализирање превентивни кампањи, одбележување меѓународни денови и изработка на информативни материјали.	Реализирани неколку активности годишно.	Наставници, ученици, стручна служба	Континуирано 2026- 2030г.	Плакати, флаери, ИКТ-опрема	Училишен развоен тим	Фото-документација, училишна веб-страница, извештаи
Следење на состојбата со врсничкото насилство и преземање навремени превентивни мерки.	Намален број на евидентирани случаи во однос на претходната година.	Тим за безбедност, стручна служба	Континуирано	Евиденции, педагошка документација	Тим за превенција	Записници, извештаи, педагошка евиденција
Спроведување анкети за ученици, родители и наставници за проценка на чувството на безбедност.	Анкетирани ученици од VI - IX Безбедна и сигурна средина	Тим за безбедност стручна служба	Октомври 2026г.	Анкетни прашалници	Стручни соработници	Анализа на анкети, извештаи од самоевалуација

Развојна цел 1.2 Подобрување на квалитетот и обемот на активностите од програмата МИМО преку нивна континуирана реализација, активно учество на учениците и промовирање на позитивни вредности, здрави животни стилови и меѓусебна почит, како и редовна информираност на родителите за реализација на истите.						
Активности	**Индикатори за успех**	**Носители на активностите**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Изработка на годишен план за реализација на активностите од програмата МИМО.	Изготвен и усвоен годишен план за МИМО.	Координатор на МИМО, директор, стручна служба	Септември 2026-2030 г.	Годишна програма, Програма МИМО	Директор, Училишен развоен тим	Годишна програма, оперативен план
Реализирање работилници и интерактивни активности за промовирање на позитивни вредности, толеранција, почитување на различностите и здрави животни стилови.	Реализирани работилници годишно; активно учество на учениците.	Координатор на МИМО, одделенски раководители, наставници, стручна служба	Во текот на учебната година	Едукативни материјали, ИКТ-опрема, работни листови	Тим за МИМО, директор	Извештаи, фотографии, листи на присутни
Организирање ученички акции, кампањи и одбележување значајни датуми согласно програмата МИМО.	Реализирани акции/кампањи во текот на учебната година.	Наставници, ученици, координатор на МИМО	Континуирано	Промотивен материјал, училишен простор	Училишен развоен тим	Фото-документација, извештаи, училишна веб-страница

Информирање на родителски состаноци и Совет на родители	Реализирани родителски состаноци и состаноци на Совет на родители	Одделенски и класни раководители, координатор на МИМО, стручна служба	Во текот на учебната година	Презентации, информативни материјали	Совет на родители, директор	Записници, листи на присутни, анкети

Стратешка цел 2. Подобрување на квалитетот на наставата преку континуирано професионално усовршување на наставниците за работа со ученици со посебни образовни потреби, надарени и талентирани ученици, како и преку унапредување на додатната и дополнителната настава согласно индивидуалните потреби на учениците.						
Развојна цел 2.1 Јакнење на професионалните компетенции на наставниците за примена на инклузивни и диференцирани наставни пристапи во работата со ученици со посебни образовни потреби, како и со надарени и талентирани ученици.						
Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Организирање интерни и екстерни обуки за наставниците за работа со ученици со ПОП, надарени и талентирани ученици.	Реализирани обуки и учество на наставниците.	Обучувачи од БРО и ОУРЦ „Иднина“	2026–2030	Материјали за обука, презентации, финансиски средства	Тим за професионален развој	Извештаи, сертификати, листи на присутни, фотографии
Размена на добри практики и искуства меѓу наставниците за инклузивна и диференцирана настава.	Реализирани најмалку 2 средби/презентации годишно; споделени примери на добра практика.	Стручни активи	2026–2030	Наставни материјали, презентации	Тим за професионален развој	Записници, презентации, извештаи

Примена на индивидуализиран и пристапи и стратегии во наставата со ученици со ПОП.	Редовна примена на соодветни стратегии и активности; подобрување на вклученоста и напредокот на учениците.	Наставници, стручни соработници, инклузивен тим	2026–2030	ИОП/индивидуални планови, наставни материјали	Инклузивен тим, стручна служба	Посета на часови
Следење на примената на стекнатите знаења од обуките во наставната практика.	Реализирани посети и следење на часови; забележана примена на инклузивни и диференцирани методи.	Стручна служба, директор	2026–2030	Инструменти за набљудување	Директор, стручна служба	Формулари за следење од посета на час, записници, извештаи
Развојна цел 2.2 Унапредување на организацијата и квалитетот на додатната и дополнителната настава преку планирање и реализација на активности што ќе овозможат индивидуализирана поддршка и развој на потенцијалите на сите ученици, согласно нивните образовни потреби и способности.						
Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Идентификување на учениците на кои им е потребна дополнителна и додатна настава согласно нивните потреби, знаења и способности.	Изработени списоци и планови за вклучување на учениците; навремено идентификувани ученици.	Наставници, стручна служба	2026–2030	Педагошка документација, наставни материјали	Стручна служба, тим за поддршка на ученици	Педагошка документација, записници, извештаи

Изработка на планови и програми за реализација на додатната и дополнителната настава.	Изработени планови и програми; усогласеност со образовните потреби и способности на учениците.	Наставници, стручна служба	2026–2030	Наставни планови, програми, работни материјали	Стручна служба	Планови и програми, годишни и тематски планирања
Зголемување на бројот и редовноста на часовите за дополнителна и додатна настава.	Зголемен број реализирани часови; редовно присуство на учениците.	Наставници	2026–2030	Наставни и дигитални материјали	Директор, стручна служба	Е-дневник, извештаи, евиденција на присуство
Примена на индивидуализиран и методи, форми и активности во дополнителната и додатната настава.	Применети различни методи и активности според потребите и способностите на учениците.	Наставници	2026–2030	Работни листови, наставни помагала, ИКТ	Стручна служба, директор	Подготовки за часови, увид и следење на наставата
Информирање и соработка со родителите за напредокот и потребите на учениците.	Редовна комуникација со родителите; информираност за напредокот и препораките за поддршка.	Наставници,	2026–2030	Извештаи, информативни материјали	одделенски раководители и класни рљаководители	Записници, белешки од средби, извештаи

Стратешка цел 3. Обезбедување современи, безбедни и функционални услови за реализација на квалитетен воспитно-образовен процес преку опремување на училиштето со современи ИКТ и наставни помагала, како и преку унапредување на училишната инфраструктура со поддршка од проекти и локалната самоуправа.						
Развојна цел 3.1 Модернизација на наставниот процес преку континуирано опремување на училиштето со современа ИКТ-опрема, наставни помагала и нагледни средства, со цел подобрување на квалитетот и ефикасноста на наставата.						
Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Анализа на потребите на училиштето од ИКТ-опрема, наставни помагала и нагледни средства.	Изработена анализа и утврдени приоритетни потреби за опремување.	Директор, Пом.директор, економ	2027–2028	Инвентарни листи, анкети, финансиски средства	Економ,	Анализа на потреби, записници, инвентарни листи
Набавка на лаптопи, паметни табли, печатачи, проектори и друга современа ИКТ-опрема.	Зголемен број функционална ИКТ-опрема во училиштето; опремени училници согласно утврдените приоритети.	Директор, економ, локална самоуправа	2028–2030	Финансиски средства, ИКТ-опрема	Директор, тим за следење	Фактури, записници, инвентар, фотографии
Набавка и изработка на современи наставни помагала и нагледни средства за различни наставни предмети.	Зголемен број на достапни наставни помагала и нагледни средства; нивна употреба во наставата.	Директор, наставници, локална самоуправа	2026–2030	Наставни материјали, финансиски средства	Директор економ	Инвентар, наставни подготовки, извештаи

Поттикнување на наставниците за користење на ИКТ и дигитални ресурси во наставата.	Зголемена примена на ИКТ во наставниот процес; поголем број часови со користење дигитални ресурси.	Наставници, стручна служба	2026–2030	Компјутери, интернет, дигитални ресурси	Стручна служба, директор	Подготовки за часови, извештаи, следење на часови
Вклучување на училиштето во проекти и иницијативи за обезбедување дополнителна ИКТ-опрема и наставни ресурси.	Поднесени проектни апликации; обезбедена дополнителна опрема/средства преку проекти и донации.	Директор, наставници, стручна служба	2026–2030	Проектна документација, финансиски средства	Тим за проектни активности	Апликации, договори, извештаи, записници

Развојна цел 3.2 Унапредување на материјално-техничките и инфраструктурните услови во училиштето преку реализација на развојни проекти, обезбедување финансиска поддршка од локалната самоуправа и други партнери, како и реконструкција и доизградба на училишните објекти и придружната инфраструктура

Активности	**Индикатори за успех**	**Реализатори**	**Временска рамка за имплементација**	**Потребни ресурси**	**Тим за следење за реализација на активностите**	**Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите**
Изработка на анализа на состојбата и утврдување на приоритетите за подобрување на материјално-техничките и инфраструктурните услови.	Изработена анализа и утврдени приоритети за реконструкција, доизградба и унапредување на условите.	Директор, Пом.директор, секретар	Во учебна 2026-2027 год.	Техничка документација, финансиски средства	Тим за следење	Анализи, записници, извештаи, техничка документација

Подготовка и аплицирање на училиштето на проекти за подобрување на инфраструктурните и материјално-техничките услови.	Поднесени проектни апликации; одобрени и реализирани проекти.	Директор, тим за проектни активности	Во учебна 2026-2027 год.	Проектна документација, финансиски средства	Тим за проектни активности	Проектни апликации, договори, извештаи
Обезбедување финансиска поддршка од локалната самоуправа за подобрување на условите за работа и учење.	Обезбедени финансиски средства и реализирани планирани активности.	Директор, Училишен одбор, локална самоуправа	2028–2030	Буџетски средства, проектна документација	Директор, училишен одбор	Одлуки, договори, финансиски извештаи
Реконструкција и уредување на спортската сала и подобрување на условите за реализација на наставата по физичко и здравствено образование.	Реконструирана/ обновена спортска сала; подобрени услови за реализација на наставата и спортските активности.	Локална самоуправа, директор, избран изведувач	Во тек на учебна 2028–2030	Финансиски средства, градежни материјали, техничка документација	Директор, комисија/тим за следење	Проектна и техничка документација, записници, фотографии, извештаи
Завршување/ доизградба на посебниот пристап (влез) во училиштето.	Изграден и функционален посебен пристап/влез; подобрена пристапност и безбедност.	Локална самоуправа, директор, изведувач	Во тек на учебна 2028–2030	Финансиски средства, градежни материјали	Директор, тим за следење	Градежна документација, записници, фотографии

Обнова и унапредување на оградата и потпорниот ѕид на училишниот влез.	Обновена/реконструирана ограда и потпорен ѕид; зголемена безбедност на училишниот простор.	Локална самоуправа, директор, изведувач	Во тек на 2028–2030	Финансиски средства, материјали, техничка документација	Директор, комисија за следење	Записници, извештаи, фотографии, техничка документација
Развивање партнерства со институции, организации и други субјекти за обезбедување дополнителна материјална и финансиска поддршка.	Остварени партнерства; обезбедени дополнителни средства, опрема или услуги за училиштето.	Директор, стручна служба, училишен одбор	Во тек на 2026–2030	Проектна документација, комуникациски материјали	Тим за проектни активности	Договори, меморандуми,

8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

1.Славица Стојановиќ – директор;

2. Марина Павловска и Кристина Ј.Петковиќ – претставници од стручната служба;

3. Маја Максимовска, Лепосава Пешиќ и Весна Бојковска – одделенски наставници;

4. Бобан Ничевски, Јелена Антиќ Велковска и Соња Трајковска – предметни наставници;

5. Мартин Петковски и Никола Поповски – претставници од Совет на родители;

6. Вања Вукашиноски и Тамара Стојановска- претставници од Ученички парламент;

7. Анстасија Димитријевиќ и Билјана Цветковиќ – претставници од локалната смоуправа

Датум:

Јули, 2026год.
Куманово

Претседател на Училишен одбор

_____
Далибор Стојановиќ

В.Д. Директор

_____
Славица Стојановиќ